РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-4307/8
12-01-2022

Врз основа на член 17 став 1 точка 10, член 22, член 23 став 1 и член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 58-та седница одржана на ден 28.12.2021 година донесе

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот број 08-4307/1 од 16.09.2019 година, оформен согласно Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година, за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на ______________, поднесен по престанок на функцијата Заменик претседател на ______________, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот број 08-4307/1 од 16.09.2019 година.

Предметот со број 08-4307/1 од 16.09.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во анонимизирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот број 08-4307/1 од 16.09.2019 година е оформен по сопствена иницијатива, а согласно со Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година.

Во согласност со Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година, ДКСК оформи предмет за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на ______________, поднесен по престанок на функцијата Заменик претседател на ______________.

____________________, поднел анкетен лист во законски предвидениот рок по престанок на наведената функција, односно на 30.06.2017 година.

ДКСК, за имотот на ________________ и за имотот на неговата сопруга ____________________ побара податоци од:

-Агенцијата за катастар на недвижности;

-Министерството за внатрешни работи;

-Управата за јавни приходи; и
-Централниот депозитар за хартии од вредност;

Воедно, ДКСК изврши увид во дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Северна Македонија.

ДКСК, по разгледување на прибавените податоци од надлежните институции и нивниото споредување со податоците од анкетниот лист на ____________________, поднесен по престанок на функцијата Заменик претседател на ____________________, констатира дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: А.Ч.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**